З А П И С Н И К

Од конститутивната седница на Советот на општина Василево

Новоизбраниот Совет на општина Василево одржа конститутивна седница на ден 18.11.2021 година (Четврток) со почеток во 16,00 часот во просториите на општинската зграда во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев досегашен претседател на Советот на општина Василево.

На седницата присуствуваа сите новоизбрани членови на Советот на општина Василево, Славе Андонов новоизбран градоначалник на општина Василево и Верче Миткова извршител во одделението за нормативно правни работи и јавни дејности.

Крсте Панев досегашен претседател на Советот на општина Василево врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа и Службен Весник на Република Северна Македонија за работа на Советот на општина Василево ја отвари конститутативната седница на Советот на општина Василево.

За работа на конститутативната седница го предложи следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог – Решение за избор на Претседател и членови на Верификациона комисија
2. Предлог – Одлука за верификација на мандатот на членовите на Советот на Општина Василево;
3. Предлог – Одлука за прифаќање на дадената и потпишување свечена изјава на членовите во Советот на Општина Василево;
4. Предлог – Решение за избор на Претседател на Советот на Општина Василево;
5. Предлог – Решение за избор на Претседател и членови на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;

По отворената расправа по предложениот дневниот ред никој не се јави за збор беше ставен на гласење од присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

1.

По отворената расправа попрвата точката: Предлог – Решение за избор на Претседател и членови на Верификациона комисија за збор се јави Крсте Панев досегашен претседател на Советот на општина Василево предложи за членови на верификационата комисијата бидат избрани:

1. Блаже Коцев член од советничката листа: Коалиција „Најдоброто за мојата општина“
2. Ристе Делијанов член од советничката листа: Движење одлучно за промени
3. Живко Атанасов член од советничката листа: ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Крсте Панев за членови на Верификациона комисија бидат избрани:

1. Блаже Коцев член од советничката листа: Коалиција „Најдоброто за мојата општина“
2. Ристе Делијанов член од советничката листа: Движење одлучно за промени
3. Живко Атанасов член од советничката листа: ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“

беше ставен на гласење од присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа ,, за ,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Предлог – Одлука за верификација на мандатот на членовите на Советот на Општина Василево; немаше пријавено за збор беше ставена на гласење од присутни 15 советници Советот на општина Василево ја усвои со 15 гласа ,, за ,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

3.

Предлог – Одлука за прифаќање на дадената и потпишување свечена изјава на членовите во Советот на Општина Василево; збор беше ставена на гласење од присутни 15 советници Советот на општина Василево ја усвои со 15 гласа ,, за ,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Верификационната Комисија се состана ги разгледа донесените решенија од страна на Општинската изборна комисија, изврши легитимирање и констатира дека уверенијата се уредни сите услови се исполнети да им се верификуват мандатите на новоизбраните советници.

Ване Андонов член на новоизбраниот советот на Општина Василево од советничката листа на: ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија во неговата дадена изјава рече дека советниците од неговата политичка партија на ВМРО-ДПМНЕ кој што денес ќе ги подпишат свечените изјави со новото име на државата Република Северна Македонија за советничката група на ВМРО-ДПМНЕ е неприфатливо, мегутоа да не дојде до дополнителни проблеми да не направат дополнителни компликации денес изјавите ќе ги подпишат со новото име од причина што морат тоа да го направат спрема законот, во изјавата рече дека се надева дека еден ден тоа ќе се смени.

Немаше друг пријавено за збор Крсте Панев досегашен претседател на Советот на општина Василево ги повика сите новоизбрани советници да ја дадат свечената изјава.

Новоизбраните советници пристапија со изјавите дека сите права и должности на член на Советот ќе ги извршуваат совесно и одговорно и дека при нивното извршување ќе ги почитуват Уставот, законот и прописите на Советот и дека ќе го штитат уставниот поредок на Република Северна Македонија и пристапија кон потпишувањето на свечените изјави.

4.

По отворената расправа по точката: Предлог – Решение за избор на Претседател на Советот на Општина Василево; за збор се јави Александра Мадевска член на новоизбраниот Совет на општина Василево од советничката листа на Коалиција „Најдоброто за мојата општина“ предложи за претседател на Советот на општина Василево биде избран Ристо Делјанов член од советничката листа: Движење одлучно за промени.

Живко Атанасов упати критика до Крсте Панев кој ја води седницата дека не го почитува редоследот кој што дава збор на советниците тој прв ја крена раката за да даде предлог а збор имаше советничката Александра Мадевска.

Крсте Панев рече дека неможе додека тој чита по точката, раката на Живко Атанасов беше дигната. Во моментот кога од негова страна како претседател што ја води седницата беше кажано да се предложи предлог за именување на претседател на Советот на општина Василево во моментот раката на Александра Мадевска беше дигната, смета дека нема ништо проблем во тоа сега може и тој да даде предлог.
Живко Атанасов предложи: за претседател на Советот на општина Василево биде избран Ристо Делјанов член од советничката листа: Движење одлучно за промени.
Бидејки и двата предложени предлози од Александра Мадевска и Живко Атанасов имаа предложено исти предлог Ристо Делјанов да биде избран за претседател на Советот на општина Василево.
Предлогот за Ристо Дејланов член од советничката листа:,, Движење одлучно за промени“ да биде избран за претседател на Советот на општина Василево беше ставен на гласење од присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа ,, за ,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Новоизбраниот претседател на Советот на Општина Василево Ристо Делијанов им се заблагодари на своите колеги за поддршката и дадената доверба и вети дека ќе се залага сите заедно да работат за доброто на граѓаните на општина Василево.

Мандатот на Советниците и изборот на Делијанов за претседател на општинскиот Совет им го честита и градоначалниот на општина Василево, Славе Андонов, кој им посака успешна работа рече се надева дека заеднички ке донесуват Одлуки и во интерес на сите граѓани на општина Василево. Советот е највисок орган тоа сите советници треба да го имат во предвид, 12 години работи како секретар на Советот, работата му е позната и кој има потреба од некој совет, без разлика што е градоначалник, може да се консултира, се во интерес да биде како што треба и сите одлуки, дај Боже да се носат како оваа денес, едногласно. Едно што сака да им порача е сите да бидат на нивото на одговорноста што ни ја дал народот и посебен е моментот поради што тоа го бара бидејќи нашата општина е во катастрофална економска состојба оставена од претходната власт, поради тоа бара посебна одговорност и дисциплина од сите нив, па и од него, и со заеднички донесени одлуки да се извади општината од состојбата во која се наоѓа.

5.

Новоизбраниот претседател на советот на општина Василево Ристо Делјанов отвори расправа по петата точка:Предлог – Решение за избор на Претседател и членови на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;

Верче Миткова од оделението за нормативно правни работи во општина Василево пред да се пристапи за избор на претседател и членовите на комисија за мандатни прашања, избори и именувања; како правник и секретар во општината посочи дека комисијата треба да има пропорционална застапеност и тоа сака како забелешка да биде внесено во записникот.

Ристо Делјанов според пропорционалната застапеност предложи за членови на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања; да бидат назначени:

1. Блаже Коцев член од советничката листа: Коалиција „Најдоброто за мојата општина“
2. Александра Мадевска член од советничката листа: Коалиција „Најдоброто за мојата општина“

3.Живко Атанасов член од советничката листа: ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“

4. Александар Митров член од советничката листа: ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“
5. Ристо Делјанов член од советничката листа: Движење одлучно за промени

Живко Атанасов предложи надополнување на предлогот како 6 член на комисијата ја предложи Спасенка Митева.
Верче Миткова рече дека за формирање на комисија се потребни 5 члена доколку предлага може да предложи цела комисија од 5 члена.

Живко Атанасов предложи: за членови на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања; да бидат назначени:

1.**Живко Атанасов** член од советничката листа: ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“
2.Александар Митрев член од советничката листа: ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“
3.Спасенка Митева член од советничката листа: ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“
4.Ристо Делјанов член од советничката листа: Движење одлучно за промени
5.Билјана Ѓоргиева член од советничката листа: Коалиција „Најдоброто за мојата општина“

За збор се јави Билент Исинов рече дека не се согласува нема пропорционална застапенос при избор на членови во комисијата.
Ристо Делјанов рече дека предлозите ке се стават на гласење кој предлог ке има мнозинство тој ќе биде изгласан. Доколку не е реална пропорционалната застапеноста на членовите во комисијата ке се расправа на друга седница на Совет.
Билент Исинов во тој случај советниците од Коалиција „Најдоброто за мојата општина“ќе ја напуштат седницата нема да учествуват во ниту една од 7 комиси ке присуствуват само на седница на Совет
Крсте Панев дали предлогот на Живко Атанасов е реален или не можеби советниците не се запознаени со деловникот за работа предлогот може да се стави на гласењ доколку е спротивно од тоа може предлогот да биде и иземен.
Живко Атанасов побара пауза од 5 минути и подршка од 5 советници.
Ване Андонов член на Советот од советничката листа: ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“ според него и двата предлози да се стават на гласење кој ке има мнозинство гласови тие членови ќе бидат избрани.
Крсте Панев претседателот е должен да ги стави на гласење и двата предлози а дали некој го крши Деловникот или не за тоа има постапка за која се одговара.
Живко Атанасов побара пауза од 5 минути и подршка од 5 советници.
По продолжувањето на седницата Живко Атанасов во интерес на сите советници рече дека го повлекува неговиот предлог.

Предлогот на Ристо Делјанов за членови на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања; да бидат назначени:

1. Блаже Коцев член од советничката листа: Коалиција „Најдоброто за мојата општина“
2. Александра Мадевска член од советничката листа: Коалиција „Најдоброто за мојата општина“
3.Живко Атанасов член од советничката листа: ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“

4.Александар Митрев член од советничката листа: ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија“
5.Ристо Делјанов член од советничката листа: Движење одлучно за промени

беше ставен на гласење од присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа „ за „ „ против„ и „ воздржани„ нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делијанов ја затвори конститутивната седница на Советот на општина Василево.

Записничар
Зора Коларова

Конститутативна седница на Совет
на општина Василево
Претседател
Ристо Делијанов